**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Бр. 08-390/9
08.05. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 3 и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 52 седница одржана на 14.02.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за акредитација на проектот за основање на Самостојна висока стручна школа, Интернационален институт за мода „Изет Цури" Скопје

1. Се акредитира проектот за основање на Самостојна висока стручна школа, Интернационален институт за мода „Изет Цури" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки,
Научно – истражувачко поле: 607 Ликовна уметност.
Научно – истражувачка област: 60707 Текстил, 60712 Друго.

3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука од Влада на РСМ, 40-4461/1 од 13.04.2021 година и барањето на од Основачот Друштво за трговија и услуги Интернационал институт за мода Изер Цури ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за усвојување на проектот за основање на Самостојна висока стручна школа, Интернационален институт за мода „Изет Цури" Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.0302/04 од 07.04.2022 година и наш број 08-390/1 од 07.04.2022 година за прифаќање на проектот, односно за акредитација на Самостојна висока стручна школа Интернационален институт за мода „Изет Цури" Скопје.

Одборот за акредитација на високото образование, на 35-та седницата одржана на 13.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-390/6 од 16.02.2023 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 52-та седница одржана на 14.02.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова